Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за информатичко општество и администрација
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Бр. - Nr 14-568/26
16.12.2022 год. - viti
Скопје / Shkup

Примено: / E pranuar: 16-12-22
Вредност / Vlera
14-568/26

# Записник од 56 -та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Агенција за електронски комуникации | | |
| **Датум** | 21.10.2022 година | **Време** | 12.00 – 13.30 часот |
| **Бр. на седница** | 56-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК<br>7. Блерта Превала Етеми– член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК<br>7. Блерта Превала Етеми– член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Сања Фрковиќ Гелевска, Канцеларија на ЕУ во Скопје, Николче Мицески, надворешен експерт, Сандра Анастасовска (МИОА) | | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов, Мишко Талески и Букурије Јашари | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 30.09.2022 година ;
2. Дискусија околу усвоениот 2022 Enlargement Package од страна на Европската Комисија;
3. Разно.

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 56-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни сите членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува. Дневниот ред беше усвоен едногласно од сите присутни членови.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК го усвоија записникот од 55-та седница, одржана на 30.09.2022 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, Националната канцеларија за бродбенд компетентност дискутираше за последниот Извештај на Европската Комисија за напредокот на земјата во 2022 година, посебно за делот електронски комуникации и бродбенд. На состанокот беше присутна и Сања Фрковиќ Гелевска од Канцеларијата на ЕУ во Скопје, која истакна дека во извештајот има неколку нивоа на оценки со градација на постигнувањата во различни области, а со тоа ЕУ може да направи споредбена анализа меѓу државите од регионот на Западен Балкан. Според неа, документот содржи клучни прашања на кои националните власти ќе треба да одговорат во наредниот период.

Претседателот на телото, Димитар Буковалов, од своја страна истакна дека извештајот содржи генерални одредби за областа електронски комуникации, а за првпат се воведува и терминологијата „Дигитална трансформација и медиуми„ за поглавјето 10. Тој потенцира дека јасно се воочени насоките што треба да се направи во областа на електронските комуникации, пред се **усогласување на Законот за електронски комуникации со најновата CODE Директива** на ЕУ, за што ќе треба да се формира работна групи која ќе работи на транспонирање на домашното законодавство со европското. **Во Ивештајот е потенцирано и дека имплементацијата на Националниот оперативен бродбенд план дополнително е одложена**.

Во врска со Извештајот, дискусија се отвори и околу учеството на РС Македонија на состаноците на RCC за развој на Дигиталната Агенда, односно за **реформите кои треба да се направат согласно Патоказот за намалување на роаминг цените** помеѓу ЕУ и Западен Балкан. Ова особено за обврската за спроведување на Директивата за намалување на трошоците за развој на бродбенд мрежи.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно", не се отвори дополнителна дискусија.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________